## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 15 став (12) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14и 33/15), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

## I. Општа одредба

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на годишниот извештај за работа на инспекциската служба (во натамошниот текст: Годишниот извештај).

## II. Форма на Годишниот извештај

### Член 2

(1) Годишниот извештај има насловна страна и останати страници.

(2) Насловната страна содржи:
- Заглавие - го содржи логото на инспекциската служба;
- Средина - содржи наслов на Годишниот извештај;
- Подножје - месец и година на донесување на Годишниот извештај.

(3) Останатите страници содржат:
- Заглавие - го содржи логото на инспекциската служба и називот на Годишниот извештај;
- Подножје - содржи месец и година на потпишување на Годишниот извештај од левата страна, а на десната страна бројот на страните.

(4) Текстот на Годишниот извештај завршува со потписникот кој стои од десната страна. Под овој текст од левата страна се запишува архивскиот број на Годишниот извештај, а под архивскиот број се запишува местото и датумот на изготвување на Годишниот извештај. Под овој текст на еден примерок од Годишниот извештај се испишуваат името и презимето на одговорните лица за изработка, одобрување и согласност. Под овој текст се испишува организационата единица која го подготвила Годишниот извештај и примателите на Годишниот извештај.

## III. Содржина на Годишниот извештај

### Член 3

(1) Годишниот извештај содржи резиме и шест поглавја:
1. Регулаторна рамка;
2. Усогласувања со меѓународни стандарди и барања;
3. Надлежности и организација;
4. Човечки ресурси;
5. Инспекциски надзор и
6. Транспарентност и соработка.

(2) Делот „Резиме“ содржи кратки информации за најважните наделжности на инспекциската служба, за поважните случувања, активости, резултати од инспекцискиот надзор и слично, во годината за која се однесува Годишниот извештај. По правило, овој дел не треба да биде поголем од една страница.

**1. Регулаторна рамка**

**Член 4**

(1) Поглавјето „Регулаторна рамка“ содржи кратки информации за донесени нови или за измени и дополнувања на постојни закони или подзаконски акти, поединечно (вклучително и број и датум на „Службен весник на Република Македонија“ во кои се објавени), настанати во извештајната година, а врз кои инспекциската служба има директни надлежности да врши инспекциски надзор.

(2) Покрај информациите од став (1) на овој член, во Поглавјето „Регулаторна рамка“ посебно се набројуваат и други, нови или изменети и дополнети прописи, со број и датум на „Службен весник на Република Македонија“ во кои се објавени, а имаат индиректно влијаие во областите врз кои инспекциската служба имаат надлежност да врши инспекциски надзор.

(3) Доколку во извештајната година немало промени во законските или подзаконските прописи од ставовите (1) и (2) на овој член, ова поглавје не се пополнува.

**2. Усогласувања со меѓународни стандарди и барања**

**Член 5**

Поглавјето „Усогласување со меѓународни стандарди и барања“ содржи информации и податоци за реализираните активности, проекти и слично, поврзани со исполнувањето на условите за прием на Република Македонија во Европската унија, меѓународни организации и институции кон кои пристапила Република Македонија или инспекциската служба, како и други обврски за усогласување на работата на инспекциската служба.

**3. Надлежности и организација**

**Член 6**

Поглавјето „Надлежности и организација“ содржи пет делови и тоа: 1) Основи, 2) Административни постапки, 3) Безбедност и комуникација, 4) Информациска и комуникциска технологија (ИКТ) и 5) Управување со финансиски и нефинансиски ресурси.

**Член 7**

Делот „Основи“ содржи информации за донесени нови и изменети или дополнети законски (закони и меѓународни акти), подзаконски (уредби, правилници - посебно за внатрешна организација на работа, вклучително и територијалната покриеност со подрачни единици), интерни акти или стратешки документи кои се однесуваат на инспекциските надлежности и внатрешната организација на инспекциската служба.

**Член 8**

Делот „Административни постапки“ содржи информации за начинот на организација за евиденција и за спроведување на администритативните и инспекциските постапки, со посебен осврт на инспекциските постапки и евиденции.

**Член 9**

Делот „Безбедност и комуникација“ содржи информации за системите за физичка безбедност и безбедност на информации, податоци и документи, како и за системите за внатрешна и надворешна комуникација на инспекциската служба, со посбен осврт на промените во извештајната година.

**Член 10**

Делот „Информациска и комуникациска технологија (ИКТ)“ содржи информации за обемот, квалитетот и системската одржливост на хардверска, апликативна и техничка ИКТ поддршка на инспекциската служба, со посебен осврт на промените во извештајната година.

**Член 11**

Делот „Управување со финансиски и нефинансиски ресурси“ содржи информации за системите за управување со финансиските ресурси (како на пример: буџет, материјално финансиско работење, управување со расходите, побарувања, обврски, потенцијални обврски) и со нефинансиските ресурси (ефективно и ефикасно управување со основните средства, канцелариски и други потрошни материјали, услуги и други нефинасиски средства), со посебен осврт на промените во извештајната година.

**4. Човечки ресурси**

**Член 12**

Поглавјето „Човечки ресурси“ содржи пет делови и тоа: 1) Основи, 2) Број на вработени, 3) Обуки и стручно оспособување, 4) Интегритет и 5) Наградување и унапредување.

**Член 13**

Делот „Основи“ содржи информации за донесени нови и изменување и дополнување на законски и подзаконски акти, како и интерни акти (закони, уредби, правилници, и други акти, кои се однесуваат на статусот на вработените и управувањето со човечките ресурси во инспекциската служба).

**Член 14**

Делот „Број на вработени“ содржи информации и податоци за бројот на вработени во инспекциската служба на крајот на извештајната година и три претходни години (со прилог табеларен преглед), по сите организациони единици, со посебен осврт на бројот на инспекторите, споредба со претходните години и образложение за евентаулните разлики.

**Член 15**

Делот „Обуки и стручно оспособување“ содржи информации и податоци за бројот на одржани настани кои имаат карактер на обуки и стручно оспособување (и во Република Македонија и во странство) во извештајната и три претходни години, бројот на учесници, со посебен осврт на инспекторите, просечно вкупно времетраење (во часови) на обуки и стручно оспособување по вработен и посебно за инспекторите (со прилог табеларен преглед), како и краток опис на поважни настани (назив и цел, организатор, обучувач, место на одржување, целна група, број на учесници). Текстот може да се илустрира со фотографии од настаните.

**Член 16**

Делот „Интегритет“ содржи податоци за пријавени жалби и поплаки за работата на инспекторите во извештајната и три претходни години, спроведени постапки за утврдување постоење дисциплинска одговорност, изречени дисциплиски мерки и покренати други постапки пред надлежните органи.

**Член 17**

Делот „Наградување и унапредување“ содржи информации за бројот на вработени, со посебен осврт на инспекторите, кои биле наградени или унапредено во извештајната година и во претходните три години (пожелен табеларен преглед).

**5. Инспекциски надзор**

**Член 18**

Поглавјето Инспекциски надзор“ содржи четири делови и тоа: 1) Административен капацитет за вршење инспекциски надзор, 2) Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности, 3) Координирани инспекциски надзори и 4) Инспекциски надзор.

**Член 19**

Делот „Административен капацитет за вршење инспекциски надзор“ содржи информации за системите за поддршка на инспекцискиот надзор (упатства, процедури, методологии, техники, опрема, харедвер, софтвер, бази на податоци и системи за размена на податоци со други инспекциски служби и инситуции, системи за слективна контрола базирана на анализа на ризик и слично), со посебен осврт на извештајната година. Текстот може да се илустрира со фотографии.

**Член 20**

Делот „Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности“ содржи опис на состојбата во областите на инспекциски надзор во извештајната година од аспект на ризиците за неприменување на прописите, како остварувањето на претпоставките врз чија основа биле дефинирани ризичните области и субјектите на инспекциски надзор.

**Член 21**

Поглавјето „Координирани инспекциски надзори“ содржи податоци и информации за извршени координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби во извештајната година, при што најмалку се наведува бројот, збирно и поединечно, со кои инспекциски служби, во кои области, кај колку субјекти на инспекциски надзор, како и постигнатите резултати.

**Член 22**

(1) Делот „Инспекциски надзор“ содржи податоци и информации за следните области:
1. Записници за инспекциски надзор;
2. Записници со запрена постапка;
3. Инспекциски мерки и санкции;
4. Субјекти на инспекциски надзор;
5. Инспекциски надзори по закони и
6. Статус на управни решенија и прекршочни и кривични пријави.

(2) Областа „Записници за инспекциски надзор“ содржи податоци за бројот на записници за планирани и извршени редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори во извештајната година, за извршените редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори за претходните две години, просечен број на записници по инспектор, како и образложение

за разликите во однос на претходните години и планот. Текстот може да се илустрира со табели и графикони.

(3) Областа „Записници со запрена постапка" содржи податоци за бројот на записници за извршен инспекциски надзор кај кои е запрена понатамошната постапка, бројот на записници кај кои постапката е запрена со инспекциски акт и без инспекциски акт, образложение за учеството на записници за запрена постапка во вкупниот број на записници и образложение за записниците кај кои се запира постапката без инспекциски акт. Текстот може да се илустрира со табели и графикони.

(4) Областа „Инспекциски мерки и санкции" ги содржи следните податоци и информации (по можност, поддржани со табели и графикони):

- Број на донесени управни решенија и учество во вкупниот број записници (по можност со наведување на глобални видови на мерки) во извештајната година и во двете претходни години, со образложение и со осврт на разликите во однос на претходните години и планот;

- Број на спроведени едукации и учество во вкупниот број записници во извештајната година и во двете претходни години, со образложение и со осврт на разликите во однос на претходните години и планот;

- Број на изречени мандатни казни и учество во вкупниот број на записници во извештајната година и во двете претходни години, бројот и износот на наплатени мандатни казни, бројот на преземени и непрземни постапувања (поднесување прекршочна пријава) кај не наплатените мандатни казни, заедно со образложение и со осврт на разликите во однос на претходните години и планот;

- Број на доставени платни налози и учество во вкупниот број на записници во извештајната година и во двете претходни години, бројот и износот на наплатени платни налози, бројот на преземени и непреземени постапувања (поднесување прекршочна пријава) кај не наплатените платни налози, заедно со образложение и со осврт на разликите во однос на претходните години и планот;

- Број на поднесени прекршочни пријави и учество во вкупниот број на записници во извештајната година и во двете претходни години, заедно со образложение и осврт на разликите во однос на претходните години и планот:

- Број на поднесени кривични пријави и учество во вкупниот број на записници во извештајната година и во двете претходни години, заедно со образложение и осврт на разликите во однос на претходните години и планот:

- Број на записници и видови и количини на привремено одземени предмети во извештајната година и во двете претходни години, заедно со образложение и осврт на разликите во однос на претходните години. По можност, текстот се илустрира со фотографии од привремено одземените предмети.

(5) Областа „Субјекти на инспекциски надзор“ содржи податоци и информации за брјот на субјекти (физички и правни лица) кај кои е извршен инспекциски надзор во извештајната година и за претходните две години.

(6) Областа „Инспекциски надзори по закони“ содржи податоци и информации за бројот на записници за извршен инспекциски надзор над секој закон кој е предмет на инспекциски надзор на инспекциската служба заедно со бројот на запрени постапки, изречени инспекциски мерки, спроведени едукации, манадни казни, платни налози и прекршочни и кривични пријави, за извештајната и за претходните две години, заедно со образложение и со осврт на разликите во однос на претходните години.

(7) Областа „Статус на управни решенија и прекршочни и кривични пријави“ ги содржи следните податоци и информации (по можност, поддржани со табели и графикони):

- Број и старост на записници за извршен инспекциски надзор во извештајната и претходната годинаи вкупно кај кои има основа, но не е донесено управно решение или иницирана постапка за санкционирање, број на застарени предмети, со состојба на крајот на извештајната година, заедно со образложение.

- Број на управни решенија донесени во извештајната, претходните четири години и вкупно, број на правосилно одбиени и прифатени жалби и тужби, број и старост на нерешени предмети кај второстепени комисии, основни и апелациони судови, број на застарени предмети, со состојба на крајот на извештајната година, заедно со образложение.

- Број на прекршочни пријави поднесени до прекршочни комисии, основни судови и вкупно, во извештајната година, претходните четири години и вкупно за сите пет години, број и вид на правосилни пресуди за утврдена прекршочна одговорност, број на правосилни пресуди за неутврдена прекршочна одговорност, број на застарени предмети, број и старост на нерешени предмети кај прекршочните комисии и основните судови, вишиот управен суд и апелационите судови, со состојба на крајот на извештајната година, заедно со образложение.

- Број на кривични пријави поднесени во извештајната година, претходните четири години и вкупно за сите пет години, број на прависилни осудителни пресуди, број на ослободителни правосилни пресуди, број на предмети во јавните обвинитеслтва, број нерешени предмети кај основните судови, апелационите судови и кај Врховнит суд и број на застарени предмети, со состојба на крајот на извештајната година, заедно со образложение.

## 6. Транспарентност и соработка

### Член 23

Поглавјето „Транспарентност и соработка“ содржи шест делови и тоа: 1) Односи со медиумите, 2) Интернет страница, 3) Пријавени неправилнсоти, 4) Граѓански дневник, 5) Претставки и предлози и слободен пристап до информации, 6) Соработка со други инспекциски служби, државни институции и единици на локалната самоуправа, 7)

Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите, 8) Меѓународна соработка и 9) Соработка со образовни и научни институции.

**Член 24**

Делот „Односи со медиумите" содржи информации и податоци за бројот на доставени соопштенија до електронските и печатените медиуми, објавени репортажи, одржани прес конференции и одговори на новинарски прашања, за извештајната и претходните две години, заедно со образложение. Доколку има можности, текстот се илустрира со фотографии. Пожелно е податоците да бидат подредени во табела и поддржани со текст.

**Член 25**

Делот „Интернет страница" содржи информации и податоци за бројот на објавени информации и други содржини на интернет страницата на инспекциската служба, бројот на посетители и бројот на посети и најпосетените области, за извештајната и претходните две години, заедно со образложение. Пожелно е податоците да бидат подредени во табела и поддржани со текст.

**Член 26**

Делот „Пријавени неправилности" содржи информации и податоци за бројот на пријавени неправилности за работата на инспекторите преку бесплатен телефонски број, електронски адреси, писма и друг начин, за извештајната и за претходните две години, заедно со образложение. Пожелно е податоците да бидат подредени во табела и поддржани со текст.

**Член 27**

Делот „Граѓански дневник" содржи податоци и информации за бројот на посетите на граѓанскиот дневник на инспекциските служби, бројот на поставени и одговорени прашања, за извештајната и претходните две години, заедно со образложение. Пожелно е податоците да бидат подредени во табела и поддржани со текст.

**Член 28**

Делот „Претставки и предлози и слободен пристап до информации" содржи информации и податоци за бројот на примени претставки, предлози и пристап до информации, како и бројот на доставени одговори, за извештајната и претходните две години.

**Член 29**

Делот „Соработка со други инспекциски служби, државни институции и единици на локалната самоуправа" содржи информации за реализираната или институционализираната соработка со другите инспекциски служби, државни институции и единици на локалната самоуправа во извештајната година.

### Член 30

Делот „Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите“ содржи инфоормации за реализиранита и институционализираната соработка со асоцијации на економските оператори и на потрошувачите.

### Член 31

Делот „Меѓународна соработка“ содржи информации за реализираната или институционализираната меѓународна соработка на билатерална или мулталерална основа во извештајната година.

### Член 32

Делот „Соработка со образовни и научни институции“ содржи информации за реализираната или институционализираната соработка со образовните и научните институции во Република Македонија во извештајната година.

## IV. Завршна одредба

### Член 33

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12/1-1136/1
17 март 2015 година
Скопје

Министер
за информатичко општество
и администрација,
м-р **Иво Ивановски,** с.р.